РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12 - 107/4
09 -10- 2020 г./v.

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ------------ на 39-та седница одржана на 07.10.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-5793/1 од 26.12.2019 година оформен по пријава од подносителот -------- доставена до ДКСК, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-5793/1 од 26.12.2019 година, поради тоа што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-5793/1 од 26.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ----------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за незаконитости и намерно непостапување на судија/ и на Основен суд Кавадарци во кривичната постапка К.бр.358/17 со што била предизвикана апсолутна застареност, како и незадоволство од постапувањето на судиите од Апелациониот суд Скопје кои со Решението КЖ бр. 757/17 од 31.10.2017 година ја укинале Пресудата на Основниот суд Кавадарци К.бр. 174/17 од 03.07.2017 година со што со ваквото постапување овозможиле да настапи апсолутна застареност.

Со цел проверка на основаноста на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-107/2 од 06.05.2020 година со кое побара од Судскиот совет на Република Северна Македонија во рамките на своите законски надлежности да провери дали постапувањето на судија/и од Основниот суд Кавадарци и од Апелациониот суд Скопје во конкретниот предмет било во согласност со закон и кои биле причините поради кои дошло до настапување на апсолутна застареност во конкретниот случај. За резултатите од постапувањето на Судскиот совет на Република Северна Македонија да се извести Државната комисија.

Од Судскиот совет на Република Северна Македонија во законски утврдениот рок беше доставен одговор по барањето на ДКСК.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледување на наводите во пријавата и прибавените податоци од другите надлежни институции, ДКСК го утврди следното:

- Судскиот совет на Р. Северна Македонија постапил по претставка поднесена од истиот подносител во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози, прибрал податоци, известувања и мислења за фактите и околностите од значење за нивно оценување и согласно член 36 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ и ја разгледал на седница одржана на 26.02.2020 година. По спроведените извиди и по прибавеното известување од Основен суд Кавадарци, Судскиот совет на Р. Северна Македонија го утврдил хронолошки постапувањето на судиите на Основниот суд Кавадарци и на Апелациониот суд Скопје за преземените активности од нивна страна, при што утврдил дека за долготраење на постапката за спроведување на истрага во Основниот суд Кавадарци по предметот КИ-14/13 се истечени законските рокови за преземање соодветни мерки. Согласно член 61 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија постапка за утврдување на одговорност на судија се поведува во рок од шест месеци од денот ма осознавање на сторената повреда, но не подоцна од три години од денот на сторување на повредата. Воедно, Судскиот совет на РСМ заклучил дека согласно законските надлежности наводите од претставката ќе ги земе во предвид при следењето и оценувањето на судиите кои постапувале во конкретниот предмет. Во однос на судиите на Основниот суд Кавадарци кои постапувале по предметите К-131/15, нов К-174/17 нов К-358/17, Судскиот совет на РСМ не констатирал вина за апсолутна застареност на кривичното гонење. Советот утврдил дека апсолутната застареност во конкретниот случај настапила од објективни причини. Судиите во Основниот суд Кавадарци кои постапувале во конкретниот случај ги презеле сите потребни дејствија во законските рокови и со нивно постапување не придонеле до застареност на кривичното гонење. За сите овие констатации, Судскиот совет на Р. Северна Македонија го известил подносителот на претставката.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапил надлежен орган (Судскиот совет на РСМ) согласно своите законски надлежности прибавил податоци и информации, ја утврдил фактичката состојба при што заклучил дека наводите за настапувањето на апсолутната застареност во предметот не се потврдени, за што го известил подносителот на пријавата. Оттаму, ДКСК заклучи дека наводите во пријавата не се потврдени, нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**